**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 31 мај 2023 година

## Соопштение за печатот

## Позначајни движења во платниот биланс[1] во првиот квартал од 2023 година

Во првиот квартал од 2023 година, во тековните трансакции со нерезидентите е остварен суфицит од 122,5 милиони евра, како резултат на суфицитот кај секундарниот доход и во размената на услуги. Кај финансиските трансакции со нерезидентите се остварени нето-приливи од портфолио-инвестиции и директни инвестиции, додека нето-одливи врз основа на заеми, валути и депозити и трговски кредити.

### Основни компоненти на платниот биланс на Република Северна Македонија

(во милиони евра)

| | тековна година | претходна година | | квартална промена | | годишна промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Кв.1 2023 | Кв.1 2022 | Кв.4 2022 | милиони евра | % | милиони евра | % |
| **Тековна сметка** | **122.5** | **-388.8** | **-246.2** | **368.8** | ...* | **511.4** | ...* |
| Стоки | **-598.8** | **-850.3** | **-821.7** | **222.9** | -27.1 | **251.5** | -29.6 |
| Услуги | **251.8** | **169.6** | **80.0** | **171.8** | ...* | **82.3** | 48.5 |
| Примарен доход | **-154.4** | **-138.7** | **-145.3** | **-9.1** | 6.3 | **-15.8** | 11.4 |
| Секундарен доход | **624.0** | **430.5** | **640.8** | **-16.8** | -2.6 | **193.4** | 44.9 |
| **Капитална сметка** | **0.3** | **0.2** | **-2.1** | **2.5** | | **0.1** | |
| **Финансиска сметка** | **128.5** | **-386.8** | **-254.2** | **382.7** | | **515.3** | |
| *Позначајни компоненти:* | | | | **0.0** | | **0.0** | |
| Директни инвестиции | **-113.7** | **-111.7** | **-239.0** | **125.4** | | **-2.0** | |
| Нето-стекнување средства | **221.0** | **394.2** | **-424.2** | **645.2** | | **-173.2** | |
| *Сопственички капитал* | **15.2** | **7.6** | **21.6** | **-6.4** | | **7.6** | |
| *Реинвестирање на добивка* | **3.0** | **2.6** | **2.6** | **0.4** | | **0.4** | |
| *Должнички инструменти* | **202.8** | **384.0** | **-448.3** | **651.2** | | **-181.2** | |
| Нето-создавање обврски | **334.7** | **505.9** | **-185.1** | **519.8** | | **-171.2** | |
| *Сопственички капитал* | **44.7** | **13.9** | **115.9** | **-71.1** | | **30.8** | |
| *Реинвестирање на добивка* | **107.2** | **84.2** | **-191.5** | **298.7** | | **23.0** | |
| *Должнички инструменти* | **182.7** | **407.8** | **-109.5** | **292.2** | | **-225.1** | |
| Портфолио-инвестиции | **-438.5** | **26.4** | **74.1** | **-512.7** | | **-464.9** | |
| Валути и депозити | **124.3** | **24.3** | **107.5** | **16.9** | | **100.1** | |
| Заеми | **166.3** | **53.5** | **-210.0** | **376.3** | | **112.8** | |
| Трговски кредити | **123.9** | **-5.1** | **-110.2** | **234.1** | | **129.0** | |
| Специјални права на влечење (нето-создавање обврски) | **0.1** | **0.0** | **0.1** | **0.1** | | **0.1** | |
| Девизни резерви | **266.7** | **-373.5** | **123.8** | **143.0** | | **640.2** | |

Напомена: Во финансиската сметка знакот (-) означува нето-приливи од странство. Кај девизните резерви знакот (+) означува зголемување, додека знакот (-) означува намалување на девизните средства. Во податоците за девизните резерви се исклучени ценовните промени и курсните разлики.
Извор: НБРСМ.

[1] Платниот биланс претставува статистички извештај којшто систематски ги сумира сите економски трансакции на Република Северна Македонија со странство за определен временски период, односно ги сумира тековните, капиталните и финансиските трансакции помеѓу резидентите и нерезидентите.

## *Тековна сметка*

Во првиот квартал од 2023 година, од аспект на движењата кај компонентите на тековната сметка, нето-приливите остварени кај секундарниот доход и кај размената на услуги (624 и 251,8 милиони евра, соодветно) ги надминаа дефицитите во стоковната размена (598,8 милиона евра) и кај примарниот доход (154,4 милиони евра).

Во споредба со првиот квартал од минатата година, салдото на тековната сметка е подобрено за 511,4 милиони евра. Ова подобрување пред сè се должи на намалениот дефицит кај стоковната размена (за 251,5 милион евра), како и на повисокиот суфицит кај секундарниот доход и размената на услуги (за 193,4 и 82,3 милиони евра, соодветно), во услови на влошен дефицит кај примарниот доход (за 15,8 милиони евра).







Извор: НБРСМ.

## *Финансиска сметка*

Во првиот квартал од 2023 година, кај финансиските трансакции со нерезидентите се остварени нето-одливи од 128,5 милион евра. Позначителни нето-приливи се остварени кај портфолио-инвестициите (438,5 милион евра) и директните инвестиции (113,7 милиони евра), додека нето-одливи се забележани кај заемите (166,3 милиони евра), валутите и депозитите (124,3 милиона евра) и трговските кредити (123,9 милиона евра). Девизните резерви се зголемени за 266,7 милиони евра.

Нето-приливите врз основа на директни инвестиции (113,7 милиона евра) се резултат на нето-приливите остварени кај реинвестираната добивка (104,2 милиона евра) и сопственичкиот капитал (29,6 милиони евра), додека кај меѓукомпанискиот долг се остварени нето-одливи (20,1 милион евра).

Нето-обврските врз основа на портфолио-инвестиции се зголемени за 438,5 милиони евра. Промената во најголем дел се должи на задолжувањето на државата на меѓународниот пазар на капитал преку нова емисија на еврообврзници (500 милиони евра). Обврските во еден дел се намалени поради отплатата на камата на претходно издадени еврообврзници, како и откупот на еврообврзници од страна на домашни субјекти резиденти.

Нето-обврските врз основа на заеми се намалени за 166,3 милиони евра, во најголем дел како резултат на нето-одливите кај централната банка[2] (142,2 милиони евра) и останатите сектори[3] (15 милиони евра), а во помал дел и кај секторот „депозитни институции" (6,1 милион евра) и секторот „држава" (3 милиони евра).

Во првиот квартал од годината, суфицитот во тековната сметка (122,5 милиони евра), нето-приливите од портфолио-инвестиции (438,5 милиони евра) и директните инвестиции (113,7 милиони евра) овозможија финансирање на нето-одливите остварени кај останатите компоненти на финансиската сметка и зголемување на девизните резерви за 266,7 милиони евра.







Извор: НБРСМ.

## ***Придружни информации***

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за платниот биланс
https://nbstat.nbrm.mk/pxweb/mk/

---

[2] Активности на Народната банка поврзани со управувањето со девизните резерви.

[3] Останатите сектори опфаќаат: останати финансиски институции, нефинансиски претпријатија, домаќинства и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

Методолошки појаснувања: http://www.nbrm.mk/platen_bilans.nspx

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx

Квартален платен биланс: 31 август 2023 (референтен период, заклучно со јуни 2023 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 103 (или 110/108).